


Народот му застана на пат на криминалецот Заев.Народот не прифаќа ниту Тиранска Платформа, ниту Тиранска Влада. Народот не дозволува да биде измамен и криминалци да му ја раскрчмуваат државата.

Затоа криминалецот Заев и злосторничкото здружение од врхушката на СДС се во паника. Не можат да ги испорачаат ветувањата со кои се уценети. Знаат дека ќе мора кривично да одговараат и да одлежат подолги затворски казни.

Криминалецот Заев знае дека залудни му се стотиците милиони евра што ги краде и врти низ своите фирми. Шекеринска знае дека залудни и се и јахтите и криминалните кирии што си ги плаќа сама на себе. Шилегов сфаќа дека залудно самиот себе си плаќа консултантски услуги и си ги рента просториите на сопствената фирма.

Сите ќе одговараат бидејќи народот бара правда и нема намера да се согласи со продажбата на највисоките државни и национални интереси.

СДС изгуби на изборите и покрај тоа што криминалецот Заев со срамни ветувања доби поддршка од Сорос и нарко-мафијашките структури од подземјето. Народот победи и не се согласува со постизборна измама, криминалци да ја изиграат неговата волја.

Затоа народот е на нозе!

Затоа Македонија се буди!

**Центар за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ**

Â